06-260/1-08

ДРУШТВО ЗА РЕВИЗИЈА И КОНСАЛТИНГ
**ТРИО–КОНСАЛТИНГ** ДОО- Гевгелија
ул." Јосиф Јосифовски" бр.6 – 1480 Гевгелија,
п. фах 197; тел.+389 34 214-116; факс 217–116
E-mail: triocons@t-home.mk
www.trioconc.com.mk

# ИЗВЕШТАЈ НА РЕВИЗОРИТЕ

До

**АД МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ**
**Скопје**

*Ние бевме ангажирани од Ваша страна по одобрение на Агенцијата за електронски комуникации да извршиме ревизија на точноста на пресметковниот систем на трошоци базиран на LRIC методологијата на АД Македонски телекомуникации со одредбите на Упатството за подготовка на моделот на трошоци базиран на LRIC издаден од Агенцијата за електронски комуникации.*

*Ние ја водевме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија и одредбите од Упатството издаден од Агенцијата за електронски комуникации.*

*Ревизијата вклучува испитување, засновано на тестови, на докази со кои се поткрепуваат износите прикажани во системот на трошоците.*

*Ние ги спроведовме долу наведените постапки за преглед на усогласеноста на пресметковниот систем на трошоци базиран на LRIC методологијата на АД Македонски телекомуникации со одредбите од Упатството за подготовка на моделот на трошоци базиран на LRIC издаден од Агенцијата за електронски комуникации, во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија кои се однесуваат на извршување на договорени и усогласени постапки. Овие постапки се спроведени во врска со член 48 од Законот за електронски комуникации каде е утврдено дека независен ревизор ја потврдува точноста на пресметковниот систем на трошоци.*

*Постапките кои се спроведени се сумирани на следниот начин:*

1. Проверка дали внесените финансиски податоци во моделот се исти со реведираните приходи и трошоци во билансот на успех од 2006 година на компанијата давател на јавни фиксни говорни услуги.
2. Проверка дали бруто вредноста на материјалните и нематеријалните средства е иста како со вредноста на средствата во системот за евиденција на компанијата со сотојба на 31.12.2006 година.
3. Проверка дали набавните цени утврдени со ревалоризацијата на тековната вредност на материјалните средства во моделот се исти со цените на добавувачите одредени со последните договори и/или нивните анекси
4. Проверка дали податоците за техничката евиденција употребени за пресметка на трошоци во моделот се исти како и податоците во системот за техничка евиденција на компанијата.
5. Проверка дали фактичките бројки употребени во моделот се исти со податоците кои можат да се најдат во системот за евиденција и билинг системот на компанијата.

Во рамките на извршувањето на ревизијата вршена е анализа на поедини податоци, тестирана е изворната финансиска, техничка и правна документација.

Врз основа на извршената ревизија на усогласеноста на Моделот на трошоци базиран на LRIC на АД Македонски телекомуникации со одредбите од Упатството за подкотовка на моделот на трошоци базиран LRIK издаден од Агенцијата за електронски комуникации утврдено е следното:

1. Внесените финансиски податоци во моделот се исти со ревидираните приходи и трошоци во билансот на успех за 2006 година
2. Бруто вредноста на материјалните и нематеријалните средства е иста со вредноста на средствата во системот за евиденција на компанијата со состојба на 31.12.2006 година;
3. Набавните цени употребени за ревалоризацијата на тековните трошоци на материјалните средства се исти со цените на добавувачите;
4. Податоците за техничка евиденција употребени за пресметка на трошоци во моделот се во иста големина како и податоците во системот за техничка евиденција на компанијата;
5. По извршената ревизија ние утврдивме дека бројот на продадени производи за 2006 година е во линија со фактичките бројки, а бројот на производи за 2007 година е во линија со предвидувањата и Бизнис планот на компанијата за 2007 година.

*Финансиските извештаи беа предмет на ревизија од страна на друг ревизор, а со оглед дека горе наведените процедури не претставуваат ревизија ниту преглед на финансиските извештаи на операторот спроведена во согласност со Мегународните Стандарди за Ревизија, ние не изразуваме било какво уверување по однос ма финансиските извештаи кои биле предмет на ревизија од друг ревизор.*

*Според наше мислење со примента на пресметковниот систем на трошоци базиран врз "LRIC" методологијата АД МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ – СКОПЈЕ во целост ги усогласило и прифатило укажувањата од страна на Агенцијата за електронски комуникации.*

Гевгелија, 22. мај 2008. година

Овластени ревизори:

ПЕТРОВ ЗДРАВКО
11-315963/1 р. бр. 150

РИСТО КОТЕВ
бр.07-5463/1 р.бр. 16

Друштво за ревизија и консалтинг
ТРИО – КОНСАЛТИНГ ДОО
Г е в г е л и ј а
11-23293/1

Друштво за ревизија и консалтинг ТРИО-КОНСАЛТИНГ ДОО Гевгелија

Трио-консалтинг доо

Македонски Телеком
АД за електронски комуникации - Скопје

| Примено: 23 -05- 2008 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност |
| 08 | 188059/ | | |

Сп. ред 08-2860/1-08 – Додаток 3